Сојузниците на НАТО најголемата воена алијанса во светот под раковоство на Советот на безбеднсот доста воени сили беа распоредени во овој предел. НАТО мораше да замине во Авганистан по терористичките напади на 11 септември врз Соединетите Американски Држави, мораа оваа стратешка цел да ја остварат за да дадат информација да не се напаѓат сите земји членки на НАТО.

Талибанците и Соединетите држави мораа да потпишат договор за повлекување на меѓународните сили од Авганистан до мај 2021 година. Па така во април 2021 година, тогаш поставените министри за надворешни работи и одбрана на НАТО одлучија едногласно повлекување на сите сојузнички трупи од Авганистан во рок од неколку месеци.

По падот на авганистанската влада и авганистанските национални одбранбени сили, НАТО мораше да се фокусира на безбедно повлекување на целокупниот персонал кои беа под делегација на НАТО. Повеќе од 120.000 луѓе се евакуираа во сојузничкиот воздушен лифт од Кабул и дел од напорите за коалиција, вклучени и околу 2000 Авганистанци секако работеле за НАТО и нејзините семејства. Други се преселиле во сојузнички партнерски земји, други пак за НАТО работат со стратегија

[10] Мисиите на НАТО во Авганистан со учество на земјите за давање на решителна поддршка за стабилноста и мирот на земјите и почитување на меѓународното право.

да обезбеди сместување, грижа и поддршка додека се правеле ангажмани за последователно движење во заедничките и партнерските земји. Знаеме дека силите беа распоредени 2001 година под водство на поединечни сојузници на НАТО – ротацијата која траеше 6 месеци, под име ISAF по барање на авганистанската влада и под мандатот на ОН –обединетите нации, да помогне на владата во мирот и безбедноста особено во областа Кабул. Командата во преземање на сите сили во август 2003 година, советот на безбедност на ОН налагаше се поголемо ангажирање на силите на НАТО под името ISAF за да може да ја покрие целата земја. Мисијата на ISAF беше една од најголемите коалиции во историјата и најдолгата НАТО досега. Во самиот врв, силите броеја бројка преку 130 000 војници од 50 земји од земјите членки на НАТО. Севкупниот напор на целата меѓународна заедница правеше напор како ќе може авганистанската влада, да има цела контрола низ земјата. Професионалноста, способноста и самоиздржливи безбедносни сили, беа во центар на напорите на ISAF и мисијата за обука на НАТО во Авганистан. Освен ОН, тука имаше и полициска мисија улога со тесна соработка со европската унија во Авганистан и нормално авганистанското Министерство за одбрана.

По создавањето во 2002 година –АНА аваганистанската национална армија постепено се повеќе и повеќе напредуваше со сите борбени елементи и оспособувачки способности-како што се тимовите за разузнавање, расчистување на рутите, борбена поддршка и нормално вклучена и воена полиција.

АНА –улогата на авганистанската национална полиција мораше да се префрли од спротиставување на бунтовниците во улога на полиција со способности кои се движат од контрола на сообраќајот до криминални истраги. Воздухопловните сили на Авганистан го зголемуваа својот персонал секојдневно, нормално и цивили и авионски екипаж со нив и цивили за поддршка. Мисијата ISAF создаде средина безбедна за управување на социо- економски развој, земјата во Авганистан имаше доста придобивки во основа на здравствени, развојни индикатори во текот на деценијата во периодот на војната. Смртноста се намалуваше со текот на времето, а животниот век се зголемуваше. Голем број на луѓе го искористија своето право на глас во пет изборни циклуси од 2004 година во кои се вклучени и претседателските избори, после сето ова се формира влада на национално единство.

Балканот и предизвиците кои се случија во Босна и Косово почнаа да градат концепт на меѓународна интервенција, знаеме дека овој концепт не е целосно развиен, откако се случија терористичките напади во Њујорк и Вашингтон, мораа да

се отворат нови дилеми за улогата и дилемата на НАТО.

Временскиот период између 1990 и 2000 година, се обележуваше со американска надмоќ, знаеме дека комунизмот беше сосема мртов, додека Френсис Фукујама објави дело,, Крајот на историјата и последниот човек, сето ова значеше мирна и стабилна победа на демократијата слободно владеење на правото и пазарната економија. Но, во големото општество со различни вредности и традиционални средства , на демократијата почнаа да се нарекуваат уште и како американизација на светот.

Соединетите американски држави САД, беа главните виновници за ширење на овие вредности. Одредени исламски држави го избраа тероризмот како можност да се спротистават на најголемата и најмоќната сила во светот. Терористичките закани кои се случија во САД, од тој момент светот влезе во нова фаза во историјата на меѓународните односи, која мораше да одржи доста број на состаноци, за да се најде решение како општеството да се справи во 21 век од се поголем (тероризам, оружје за масовно уништување и исламски фундамелизам). Целиот овој аспект ќе има влијание во одржување на меѓународните односи и безбедноста во редефенирање на трансалтанските односи со силите на НАТО. Ал Каеда на 11 септември 2001 година, изврши напад (терористички напад) во кои се киднапираа четири американски авиони и врз Вашингтон и Њујорк го извршија најголемиот напад, 2700 луѓе претежно Американци ги загубија животите –Америка тогаш беше во најголем шок во најновата историја. Срцето на САД беше најнесено, тогашниот претседател на Америка Џорџ Буш (помладиот), сакајќи да ја одбрани гордоста на нацијата и излезе со изјава, која до ден - денес постојано се рецетира: никогаш не треба да се праве разлика, меѓу оние кои го планираа и оние кои го уништуваат ваквиот систем.

После оваа случка од 11 септември во Европа владее солидарност спрема САД, самите членки на Алијансата ја изразија својата почит и поддршка кон Вашингтон, после неколку дена т.с 2-3 ден во францускиот весник Монд објави. Оваа катастрофална случка која се случи во Америка, ќе стоиме рамо до рамо за се што и е потребно за казнување на тероризмот – изјавата на британскиот примиер тогашен Тони Блер , додека пак ферманскиот канцелар Герхард Шредер порача неограничена солидарност со Америка и конечно решавање на меѓународниот тероризам. Одговорот на НАТО како дел од целината на терористичкиот напад кој се случи на

11 септември, не се чекаше долго туку беше брз и одлучен. Лорд Робертсон изјави дека нападите не се решение тие претставуваат луда, варварска, нелигетимна агресија против демократијата која владеела долго време и се повика меѓународната организација и сите членки тогашни на Алијансата, организирајте се сите меѓу себе и да одговориме со заедничко решение за одговор на тероризмот. Семјуел Хантингтон истакна дека Бил Ладен го врати западот со својот изгубен индентитет, мора Европа и Америка да се обединат како резултат на нејзините цивилизирани интереси.

Нападатот на САД доведе да се отвори членот 5, за првпат во историјата на НАТО мораше да се активира членот 5 од североатланскиот договор, нападот врз САД не беше само напад врз оваа држава туку напад врз сите земји членки на НАТО. Сите мислеа дека членот 5 ќе се применува, за одбрана на Европа, сепак нападот се случи во САД.

Сами знаеме дека клаузулата за колективна одбрана според членот 5 од Вашингтонскиот договор е развиена и одобрена во 1949 година, за да се обезбеди целосно безбедносни граници за сите западноевропски сојузници во случај на напад на Советскиот сојуз.

НАТО ја комплетираше својата заедничка цел која се фокусираше на одбрана и обезбедување на границите на најголемата сила во рамките на Алијансата и надвор од европското тло.

Североатланскиот совет, кој беше затворен за јавноста и се одвиваше долго време во затворени врати, САД мораа да го активират членот 5, било побарано да кажат дека се нападнати од друга држава или други земји, тогашни земји Велика Британија, Франција, Италија и Шпанија ја поддржаа војната на САД , земјите Германија и Холандија, Белгија и Норвешка се спротивставуваа на нивната одлука.

Самата едноснавна одлука, донесена за обезбедување одлучна и едноставна поддршка од алијансата за брзо и едногласно гласање, според правото на колективна акција од членот 5, се е добро се додека не се случи терористичкиот напад на САД. Феноменот на тероризам, како растечки клучен период и предизвик за безбедноста по Студената војна, и самитот на НАТО во Вашингтон во 1999 година се обидуваше да ја дефенира одбраната од меѓународниот теророзам и основната задача на НАТО Германија и Франција уште на почетокот биле категорични проотив оваа идеја, тие нагласиле дека справувањето со тероризмот е примарна задача на граѓанските

институции во едно демократско општество. На крај на краиштата беше постигнат договор за компромис од членот 24 од Новиот стратетишки концепт на НАТО. Покрај директниот воен напад на територијата на на Алијансата и безбедносна компонента на НАТО треба исто така да се однесува и на поширокото глобално опкружување. Во меѓународната заедница безбедноста на Алијансата, може да биде како цел на закана не само од директни и индерекни одредени воени напади, туку и од други различни видови на криминал. Сојузниците прават споредба, во кои морат да најдат решение за соодветни модели на предизвици во рамките на членовите 4, 5 и 6 договорот во ВАШИНГТОН.

Самитот во ВАШИНГТОН никогаш не најде решение за овие прашања, ниту се спомна дека се ќе подпадне под НАТО, земјите членки на Алијансата,од самиот момент беа против користењето на капацитетите на Алијансата со спроведување на тероризам и терористички напади.

По дебатата која се одвиваше-шест часа за да се вклучи НАТО во одбраната на САД, големите лидери условија изјава за која тогаш за првпат во големата историска конференција на Алијансата, им се кажа да дејствуваат по членот 5 од договорот во ВАШИНГТОН. Но, сепак тука имаше и доста нејаснотости иако имаше зелено светло за воена операција со согласност со членот 5, средствата и големата улога на НАТО не се целосно разјаснети во однос на членките на Алијансата во самата голема воена акција против големиот меѓународен тероризам.

Доста сложени одлуки требаше да донесат членките на Алијансата, со активирање на членот 5, Стејт Департментот не гледаше само во НАТО, ЕУ и ООН , и кон Британскиот министер, претседателот на Франција и кон германскиот канцелар.

Сите земји членки на НАТО се надеваа дека со активирање на членот 5, може да доведе до ситуација во кој САД ќе изврши напад врз АЛКА ЕДА под големото знаме на НАТО во најмала рака со координација на своите активности интегрирани и политички структури институции на НАТО, во октомври голем дел од раководството во ВАШИНГТОН се стави јасно на знаење дека Алијансата нема да биде вклучена во воена акција против Авганистан. САД, за преземањето на акција е од големо значење, задача за подготовка на политиката и планирањето на НАТО Алијансата.

Џо Бала ја оценува политичката одлука на САД како одлука која се поврзува со

одлуката и искуството во Косово, исто така политичарите во САД сметат дека распоредувањето на силите во НАТО е пример за војна по комитет(водена од самиот воен комитет). Знаеме дека Алијансата се спречи со превентивна кампања, администрацијата на Буш во тогашно време не апелираше до НАТО во Авганистан, не никој аспект не сакаа да се повтори ескалацијата како во Косово, знаеме дека менаџментот на САД остана предмет на критика од земјите сојузници.

Во САД Геир Лундестаг доаѓа до објаснување, за Вашингтон да има ексклузивна и единствена одговорност за операциите против талибанските влади и недостапните мрежи на Ал Каеда во провинцијата на Авганистан: за брзо и ефикасно постигнување на целта морало да се води експедитивна војска за да можат да ги постигнат своите цели. Во овој сложен случај мораше да се елеминира секоја можност за повторување на процедурите кои беа применете на Косово, поради самата ситуација не се предвидува никаква улога на НАТО објаснува Лундестаг.

Борбата против тероризмот и беше јасна на цела администрација на Буш, Блер Тони стави дека Велика Британија ќе соработува со САД , колку што Вашингтон ќе дозволи, сето ова остави голем впечаток дека е воспоставена вистинска хармонија во трансланатанските односи и дека самите сојузници во рамките на североатланската алијанса се подготвени во секое време да најдат точно решение на патот до Алијансата.

Русија која имаше замерки во однос на политичарите на НАТО, стана дел од најголемата антитеристичка коалиција, Русија даде огромна поддршка за одмазда спрема САД но даде и конкретен придонес, понидувајќи и на САД користење на руски контролни бази во Централна Азија и нормално пристап до одредени руски разузнавачки извори во Авганистан. Поддршката на антитеристичката коалиција предводена од Соединетите Американски Држави во оваа програма се вклучија и други регионални сили како што се Кина, Индија и Пакистан. Меѓународните односи дадоа една комплетна слика на меѓународната заедница, која не стоеше на одредените пишани правила норми и дадени кодекси на однесување и поврзаноста во борба против асиметричната закана што му се заканува на целиот свет.

Во тој момент се помисли дека ниту еден надворешен фактор нема никакво влијание врз позиционирање на НАТО за да се промени безбедносната сцена.

Политичарите на САД имаат само некои сојузници, значајен сојузник на НАТО во

воената кампања е од Британија. Другите европски земји, беа мапа и може да се каже дека се незначителни, додека САД за мал временски период успеја да го собори талибанскиот режим кој траел години, години, воените операции против Авганистан се вршеа на билатерална основа и секогаш финансирани од страна на САД, таквиот пристап е разбирлив во оперативна смисла (поради војната во Косово). Европејците тоа го анализираа како ад-хок за сите што сакат да учествуват, но не и обид за мобилизација преку мултилатеративни институции истакнат со коментари и печат од страна на Доналд Рамсфелд кој кажа дека мисијата ја дефенира коалицијата и дека коалицијата не смее да ја дефенира мисијата.

Цела Европа не беше задоволна од улогата на Алијансата во одговорот на нападот од 11 септември, од европска реакција се доаѓа до тертман дека САД како тероризам и ароганција. Сета оваа ароганција, произлегува од големиот факт дека – воената операција е резултатат на концептот на Алијансата, да се обидинат против заедничкиот непријател. Слабата страна на Европјаните –мораше да додеде до нов бран на национализам. Американската држава докажува дека е супериорна држава ќе резултира и ако треба и жртви од сопствените редови со цел да се одбрани американската цел и чест и до одбрана на меѓународниот теророзам. На самиот состаник кој се одржа во Европа дојде до заклучок дека Америка може сама да одговори на сите предизвици но дали Европа може да одговори на предизвик, ако и се случи во иднина. Авганистанската војна доведе до заклучок и да се отвори прашањето за улогата и внијанието на Алијансата во 21 век.

Тогаш Ховор и Келер за терористичкиот напад, кој се случи на 11 септември во Њујорк и Вашингтон се доведе до нова потрага и реструктуирање на Алијансата по Студената војна на начин комплексен со новиот подем на национална држава и големите интереси на сметка на меѓународните институции и други трансалатските услуги.

Почнуваме на веруваме во тоа дека ЛИБЕРИЗМОТ (слобода, еднаквост пред законот, слободните пазари и трговијата), а реалистите ги потврдувааат своите тези. Европа која почина на стравот и либералната концепција знаеме дека случајот во Авганистан е начин и позиција на моќта на САД во однос на Европа. Сите напори на двете страни и Атлантикот се насочени кон зближување на сите сојузници и изнаоѓање на нов компромис, „Договорот што треба да се подпише меѓу НАТО и Европската Унија познат како Берлин плус докажува до намалување на тензиите,

овој договор не влијае на дефенирање на односите на НАТО, туку редефенирање меѓу НАТО и Европската унија.

4.6 Мисиите на НАТО во Ирак

Иранската мисија на НАТО е неборбена советодавна мисија и за градење на соодветните капацитети во која се помага на Ирак за нормална изградба и транспарентна и ефективна безбеднсот на вооружените сили, при што самите Ирачани ќе можат да ја стабилизират својата земја, борење против теторизмот, оваа мисија беше договорена на самитот на НАТО во јуни 2018 година по барање на владата на Ирак и конечно се формира во октомври 2018 година.

Мисијата на НАТО во Ирак е дизајнирана да помогне во зајакнувањето на безбедносните институции, така да можат самите да спречат враќање на ISIS, борење против тероризмот и да ја стабилизира државата.

Откако започна мисијата во Ирак почнува тесната соработка меѓу воениот и цивилниот персонал и вооедно со другите актери на терен. НАТО мисијата во Ирак имаше јасна и видлива цел да го искорени насилството во Ирак, а да завладее мирот и стабилноста и соработката со цивилното население и новообразување на населението со тоа ќе се зголеми самодовербатга во граѓаните во тие средини.

Сето ова да се одвива, онака како што треба без да има одредени забелешки НАТО ги повика сите министри во Ирак ги советуваше како треба ова да го изведат во наредниот период што следува, националниот оперативен центар и канцеларијата за советување и сите други учесници во мисијата во Ирак за дејствување на големото подрачје во Багдад. Самите области вклучуват одредена стратегија и политика, силата на развој, рационално искористување на сите ресурси, да се обрне внимание на жените во општеството, мирот и безбедноста и добро владеење на секој безбедносен сектор. Министерството за одбрана на НАТО, донесува заклучок да ја прошири мисијата на НАТО и во 2021 година, по барање на ирачката влада.



Слика 4: Мисија Ирак и Авганистан патролирање

Со зглолемувањето на Ирак ќе се зголеми безбедноста, а сето тоа ќе биде следено од страна на Ирачката влада. Напорите на НАТО мисијата во Ирак се спроведуваат со заедничка комуникација на ирачката влада, за да се запази суверинитетот и територијалниот интегритет на Ирак. НАТО својата стратегија ја користи на свој начин, каде заедно не дејствуваат НАТО и ирачката влада за време на операциите кои се изведуваат во Ирак, туку користи одредена група на луѓе за обучување на Ирачките војници, под раководство на ирачката влада со даден точен нивен број и индификација.

Мисијата на НАТО ги таргетира перспективите во текот на нејзините активности, како дел од високата советничка група. НАТО мисијата во ИРАК придонесува за:
* Борбата против тероризмот, со тоа придонесува до помагање на безбедносните институции за стабилизација на нивната земја;
*Канцеларијата на советникот за национална безбедност го советува ирачкото; Министерство за одбрана и националниот оперативен центар на примиерот и образованието за да изградат поодржливи инклузивни, транспарентни и инстуционални структури;
* многу е битно да се нагласи владеењето на правото, правото на вооружен конфликт, секако борбата против корупцијата, заштита на цивилите од било какво влијание и дека вооружените лица нема да напаѓат жени и цивилно население;
*неборбената мисија само по себе кажува дека е мисија за партнерство како и целосно почитување на суверинитетот, независноста и интегријалниот интегритет на Ирак.

Во Сад и Европа, всушност не се изгубени само САД и Европа, Европските земји се губат меѓу Кабул и Багдат, самите анализи случајот во Ирак е впрочем најголемата

криза што постоела меѓу атланските сојузници. Различните стратегии на САД и Европа и во ирачкото прашање и посуштинските причини беа во големите надворешни политики на европските земји. Дел од европските земји кои се земји членки на НАТО.

Почетокот на САД ја објавуваше својата стратегија за војна и решавање на тероризмот целокупниот остаток од западот и се придружуваше на сите Американци под едно и единствено мото „ Ле Монд –не сме сите Американци и не можеме сите да бидеме Американци. Војната придонесе за криза во западот, знаеме дека се соочени со борба да се борат против именката терор, тогаш навистина беше чудно западот не се обедини заедно како што секој пат го правеше во 40-тите години против Сталин и неговата Црвена армија и поради сериозни недоразбирања, тензиите што се јавија во зимскиот период во 2002-2003 година во однос на тогашен Ирак се нагласени од сето она што е познато денес Атлетска поделба. Тогашната адмистрација на Буш одлучи дека една војна против тероризмот ќе бара војна против Ирак одредени Европејци не се согласувале со сето ова. Состанокот во 2003 година Франција бараше да имаме голем број на гласови против Америка во Советот за безбедност на ОН, во врска од една и единствена дилема поврзана со војната и мирот кон Американците кои велат советот витално значење за нивната и европејска безбедност и мир.

Надворешната проактивна политика, доведе до поделба на европските земји-поделбата што се појави во Европа во однос на Ирак многу пати се опишува како дихотомија(поделба во два дела) меѓу старите Европејци и гравитацијата меѓу француската германска оска и новите Европејци т.с комунистичките земји од Центрлна и Источна Кина како земјите Британија, Шпанија и Италија кои се стават во позиција да ги поддржат политичарите на Вашингтон. Проучувањето на трансатлантските односи, акцентот секогаш е ставен на неколку клучни работи. Дихотомијата(поделба на два дела) Нова –Стара Европа е секогаш јасно изразена како што изгледа, и самиот Доналд Рамсфелд за него знаеме дека е чесно одговорен за ветувањето и поделбата во Европа, на непочитувањето на поделбите на толку јасен и одлучен начин.

Очигледниот факт, знаеме дека двата европски табори се многу поразновидни на внатрешен план отколку што можеме да предвидиме со таква дихотомија.

Германскиот-Францускиот отпор кон Вашингтон е делот од дискурсот, сепак во краткорочна преспектива не се знаеле колку време ќе трае германското отстапување

од табуто на Атлантикоти старите историски врски меѓу САД и Германија. Знаеме дека новите Европејци никогаш не го менувале својот курс како Чешка, Словенија и многу други кои не биле лошо настроени кон САД.

На крај на краиштата целокупниот проблем се сведува на национални интереси во однос на меѓународната политика на земјите членки на НАТО и ЕУ, нивните состаноци се за градење надворешна безбедносна политика, самиот случај во Ирак кажува колку големи разлики постојат меѓу Европејците кои имаат влијание негативно и на трансатлантските односи. Проблемите со Ирак и разликите во однос на решавањето на иричкиот приблем се поставени упте во времето на војската протов тероризмот. Брзата реакција на Садан и слободувањето на Кувајт-западот се уплаши и ја гледаше ирачката држава како закана. Во годините, особено 1996 година многу Европејци од кои со свое влијание беа Французите, мислеа дека санкциите нема да го урнат режимот на Садан или пак да го постигнат целото негово однесување со резулациите на ОН. Садан во тоа време покажа голема сила за да постои, па и да напредува и лично и политички без разлика на сите притисоци, што самите Ирачани го сметаа за причина за големото страдање и го потикнуваа антизападното чувство кај Арапскиот свет. Французите мислеа дека идејата за постепена реинтеграција на Ирак во меѓународната заедница може да се одржува само преку инвестиции и дипломатски односи.

Садан претставува најголем диктатор и неговиот воен капацитет беше оштетен до таков степен што за време на воени операции во Перскискиот залив и преку одредени санкции и минимален ризик за меѓународна безбедност, додека Ирак постепено се развива економски. Знаејќи дека голем дел на Американци се согласуват дека рестриктивната политика не е стабилна и не функционира добро, самиот став и на администрацијата на Клинтон и на сите кретичари од редовните републикации се состои во идејата дека вклучувањето на Ирак во меѓународната заедница ќе има полош исход. Режимот на Садан ѓи загрози сите западни интереси, слабата контрола врз програмите за вооружување или голем недостик на инвестициони и трговски врски, ќе можат да овозможат доволно време и простор за да Садан дојде до повторно вооружување.

По завршувањето на мандатот на Клинтон и Ирак како земја да се постигне неуспех се дојде до едно од најсериозните прашања и поделеност на Алијансата, во

ОН се остава чувство на незадоволство и предавство што доаѓа до нарушување на формулацијата од двете страна на Атлантикот во добри намери на другата страна и до верување дека ОН можат да се справат со проблемот на она што е во Ирак.Сета оваа ситуација во поделбата во Ирак, доведе до тоа да се случи во 2002 година.

Инвазијата врз Ирак и идејата за напуштањето на потрагата во консензус во ОН и преземање на секаков вид на дејства пред 11 септември не беше решение ни алтернатива за ниту една од администрациите на САД.

Откако се случија одредени работи во Америка т.с 11 септември, беше одлична одлука администрацијата да се состави во целокупниот состав и дејствување како „ „мега опција" Практично се доаѓа со заклучок дека санкциите остануват моќен елемент кој е поефикасно дејство или средство за да се предизвика сиромаштија, отколку што е инструмент за послушност од диктатурата.

Секој можен потенцијал за биолошко, хемиско и нуклеарно оружје врз Ирак заедно со сите докази за серија територијална агресија од Садан Хусени, Сад ја дефенира агентата кон крајот на 2002 година и почетокот на 2003 година –дека мора да се започне со воена акција врз Ирак, бидејќи истата е сериозна за Сад во обраќањето на Буш на Генералното собрание на ОН на 12 септември 2002 година. Начинот на конверзија, секако почнувајќи со инвазија на Кувајт во 1990 година и со влијание на меѓународната заедница и до самиот неуспех и со справување на обврските во револуцујата на ОН, режимот на Садан Хусени претставува агресија т.с закана со што Америка требаше да се справи исто така додаде дека ако Багдат не ги исполни овие револуции, легимитетот ќе ја загуби својата моќ.

Револуцијата 1441 која мораше да се обезбеди од Советот за безбеднсот, на 8 ноември истата таа година со 15 гласа и сето тоа со ниту еден глас против, тоа кажува дека режимот на Хусен е одговорен за неисполнување на сите револуции и нормално за неовозможување на инспекторите за оружје, кој мораше да биде целосно ослободен пристап до сите значајни објекти кои би можеле да складираат или произведуваат големо масовно оружје. Револуцијата ја предупредуваше Ирак дека ќе се соочи со големи придизвици со континурианото неисполнување на своите обврски и побара тогаш од Багдат, без да одложи никаков ресурс да има даде до Комисијата за мониторинг, инспекторите на ОН и Меѓунаросната агенција за атомско биолошко оружје (МААЕ).

Адмнастрацијата на Буш во 2002 година есента немаше сомнеж да се справи со

Ирак, овој став Буш го истакна и за време на самитот на НАТО кој се одржа во Прага, тој истакна дека доколку Алијансата не ги доразвие своите капацитети, кој ќе овозможат операции надвор од терироријата на Европа и новите предизвици ќе се стават на маргенилизација. Револуцијата 1441 е воена акција во услови кога Багдат морал да спроведува тактички чекори во однос на сите инспекции.

Ставот на Франција во кој ќе употребува дополнителна револуција со цел да се дефенират сите јасни последици од неприфаќањето на одредбите од самата револуција 1441 и зголемување на позоцијата на Германија а самата влада на Блер мораше тогаш да повика на разбирање од партиите на Европа кон позицијата на Вашингтон и се создадоа услови за уништување на единството на НАТО. Транслатлантските сојузници во советот на безбедност кулминираа со одредени тензии на ОН, Германија и Франција ги засилија своите позиции во Ирак, а пак САД се надеваше дека Советот на безбеднсот мораше да донесе револуција со која ќе се потврди дека Ирак ја прекршува револуцијата 1441 и војската против Ирак ќе мора да се легализира. Владата на Ирак се закани дека ќе стави вето, исто така и се закани и на Франција со право на вето, од тука започна и борбата со мобилизирање на мнозинството други членови на Советот за безбеднсот исто така да и се спротистават на САД. Државата Франција го нападна Вашингтон со сите сили што ги поседуваа во моментот, Доминот де Вилпек министер за надворешни работи на прес-конференцијата на Советот на безбедност изјави дека ако САД го нападне Ирак тоа ќе е ,, победа на законот на најсилните".

Русија и Кина го поддржа советот за безбеднсот на Франција истиот став го заседоа и други земји членки од советот на чело со Германија. Активностите на Франција добија поддршка и од арапските земји, заштитникот Франција се ства во улога на оние што сакат да се претстават како голема сила и со тоа застанаа за надворешната политика на САД и прашањата кои се од огромно прашање на Вашингтон, силите меѓу Париз и Вашингтон ќе резултира со поделба на Европската унија.

Германија ја поддржа Франција и не само што се спротистави на револуцијата во советот на безбедност и почетокот на американската инвазија се очекува во секој момент против Ирак, не само тоа мораше да се испратат и воени воздухопловни сили, против ракетни проектили заштитата на Турција од страна на нападот врз Ирак дополнително ќе доведео до внатрешен немир во Атлантската алијанса.

Земјите како што се па Италија, Шпанија, Португалија, Холандија,Данска и Ирска како и доста земји од Централна и Источна Европа, ја покажаа доброволната

поддршка на американско британската позиција.

Сите овие земји што ги спомнавме беа проатлански ориентирани и се сосема блиски до САД, земјите Централна и Источна Европа им пречи сета ова ситуација што се главен заштитник и не сакаат да прават ништо што би пречела за нивната интеграција во НАТО. Земјите на Истокот беа многу незадоволни од француската тенденција која во поголема или помала мера ја делеа идејата дека Париз исто така зборува во име на цела Европска Унија, во рамките на Европската Унија Германија и Франција се поддржани од Белгија, Грција и други држави како што се Австрија, Шведска и Финска, самата група најмногу се залагаше за дипломатијата и меѓународното право против сите овие акции и спротивно од тоа на едностраното однесување. Сите инспектори кои се наоѓат во Ирак, да и се даде доволно време да го завршат процесот на спроведување на инспекции, се додека не се постигне соодветен напредок.

Продлабочување на тензиите меѓу САД и Франција колминираше со зголемување на тензиите меѓу Европејците, самите тензии доведоа до поддршка на САД од 30 јануари 2003 година со вкупно осум европски влади како што се Британија, Шпанија, Полска Унгарија, Данска,Португалија и Чешка, во писмото кое го напишаа сите овие европски земји се изразува солидарност меѓу Сад и Европа. Америка како храбра, великодушна и предвидливоста изразува голема поддршка на САД во сите нивни напори за да го ослободат светот од опаснато оружје за масовно уништување на САДАН ХУСЕИН.

Новинарот Мајкл Гонзалес во писмото Wall Street Journal Europe, кој не веруваше дека другите европски земји ја следат француско германската визија за Ирак, целата иницијатива започнува со италијанскиот премиер Силвио Берлускони кој му кажа да напише статија на проатланските вредности. На Берлускони оваа идеја ептен му се допадна, но се сакаше да го сподели со други лидери со слични ставови, па така го контактирал шпанскиот премиер Азнар, па тој морал да контактира со португалскиот премиер Баросо и со британскиот премиер Блер.

Велика Британија на самиот почеток покажала мал ентузијазам за проектот, но дипломатскиот советник на Азнар и Алберто Карнеро го напиша она нешто што за Британците тоа беше одличен гест-текст. Велика Британија со седиште во Лондон го охрабри Панцит да се обрати до други водачи за текстот кој се потпиша. Се согласија Полска, Унгарија, Чешка и Данска, само Холандија не го потпиша овој

договор од контактираните земји. Предизборна кампања текстот не се наоѓа само на Британија во WALL STREET JOURNAL EUROPE и во сите весници во сите земји потписнички. Големите лидери Германија, Франција,Белгија и Луксенбург кои се секогаш против војниците, не само што не го потпишале туку не биле и информирани дека некое писмо се изготвува. Не е контактирано ниту претседателството на Европската Унија, па ни претседателот на ЕК, па ни високиот претставник за надворешна политика на европски прашања –Хавиер Солана.

Осумтте потписнички земји не беа само поддршка на САД во однос на прашањето на Ирак, туку и прашање на светски рамки и спас на целиот свет од терористички напади. Франција и Германија кои не го прифатија овој договор имаа уште поголемо значење како мотор на евроинтеграциите, само недела дена пред да се објави писмото, Франција и Германија прославуваат за Елјскиот договор за да ги потврдат сите свои европски лидерски позиции и да инсистират за нивната посебна улога на обединување на Европа, Ширак и Шреден истакнаа дека 40 години чекор на одлучување се правеше во Европа, благодарение на големиот мотор претставен од Германија и Франција. Тоа укажува дека Берлин и Париз ќе се договорат-Европа е секогаш спремна да оди напред, ако не се договорат Европа сама се откажува.

Со потпишувањето на Елејскиот договор Франција и Германија се природни лидери во Европа, сето ова предизвика недоразбирање кај Велика Британија, бидејќи и таа е важна како и другите две земји за иднината на Европа. Шпанија како држава со нејзината растечка економија и со поголемиот дел со врските каде се зборува шпански јазик се смета како една растечка сила која треба да се третира во самото големо семјство.

Италијанците исто така како дел од европа и од големото европско семејство, се почувствуваа дескриминирано од целата ситуација, затоа што не беа и тие повикани.

И на сите останати мали земји им смета овој договор, како француската германската визија за Европската Унија и им даде до значење на поголемите земји.

Причините за дистанцирање на осумте европски земји од политичарите на Франција и Германија во однос на Ирак и начинот на кој треба да делува САД се рефлектира и меѓу Источна и Западна Европа, писмото вознемири доста земји кои не беа повикани како што се Бугарија, Естонија, Хрватска, Македонија, Албанија, Латвија, Литванија,

Словачка , Словенија, Романија сите познати како Вилнус 10 (додека во литванскиот град каде започнаа напорите за влез на НАТО во мај 2000 година). Големиот текст на Вилнус беше комплетно објавен на 5 февруари 2003 година, како земји од комунистичка доминација од кои некои уште беа по советска доминација, лидерите за потпишување на текстот си стои на фактот дека земјите ја разбират, опасноста од тиранијата и одговорноста на демократиите да ги бранат заедничките вредности. После ова се нагласува солидарноста на потписниците со САД и решеноста да ги спроведат револуциите на Советот на безбедност со кои се бара веднаш да се реши САДАН ХУСЕИН.

Поддршката на САД се продлабочи темата во која се дефенираше дека француската и германската влада се изолирани, а не САД, во последните денови од месец февруари САД и ВЕЛИКА БРИТАНИЈА и ШПАНИЈА се разви револуција во која се дефинираше правната основа за воена акција, Германија и Франција во исто време се работеше на алтернативна револуција со кое ќе има поголемо инспекциско надгледување на оружјето. Од сите страни Франција имаше голем притисок за самиот ултиматум за вето во Советот на безбедност, се повлече не можеше да ги издржи секојдневните притисоци.

Ова доведува до повлекување на втората револуција и да стави крај на инспекциите на оружјето и улогата на Советот на безбедност со што се создаваат големи услови англо-американски напад врз тогашниот и денешен Ирак и со позар на вооружените сили.Администрацијата на Буш после 11 септември во голема мера беше причина за гневот кај сојузниците во НАТО. Политиката на САД и нејзините приоритети во најголем степен во однос на политиката на други сојузници.

Сојузничките поделби се заокружија со одбивањето на Турција да им дозволи на американските војници да го нападнат северниот дел на Ирак од турска територија.

Турција бара договор со напад ќе бара од сојузниците брз и решителен одговор за ставање на мир. НАТО се соочува со најголемата конфронтација во историјата на Алијансата, да неколку прашања да се одбрани Турција да се брани во случај на воена акција. Евентуалноста според договорот од Вашингтон постои можност за автоматско активирање на членот 5 од договорот. Но, и покрај сите овие прашања разликите меѓу Франција и Германија и САД се наметнува конфронтација, САД бараше од Анкара да се приклуци кон коалиција против Ирак, во кои ќе имаа воена и финансиска помош. Додека Геманија и Франција и ветија помош на Турција во случај на напад но во исто време на јазик на самата дипломатија да не влегува во



Слика 5: Претставува воена моќ на една држава

војска. Посредниците ветија на Турција дека ќе и помогнат, но во исто време 71 отсто од германската јавност, нормално се противат на војската.

САД пак од нејзина гледна точка се закануваше дека кој нема да ја поддржи Турција и дека Алијанста ќе згасне.Подоцна се постигна компромис со јазик за одбрана помош на Турција која беше прифатена и за Берлин, а конечната одлуката се донесе во комитетот на НАТО за сите одбранбени планирања, Франција како водечка членка на Алијансата не припаѓа.

Советот за безбедност и без негова одлука во советот на НАТО (каде знаеме дека најголеми противници беа тогашни Франција, Германија и Канада), 2003 година на 20 март мултинационалната коалиција ,, Подготвени за секоја одлука" –која беше предводена од САД започна инвазија на Ирак. На политичката сцена оваа дебата предизвика легитимност на воена акција, како и за целиот унилатерализам на САД, во излагањето на САД од 16 септември 2004 година, секретаро на ОН Кофи Анан, пред сите изјави дека оваа операција според повлекувањето на ОН е нелегетимна. Војната во Иран, пред да започне целата јавност во целиот свет беше против оваа војна.САД и покрај јавното мислење се одлучуват се повеќе да ја зголемат војската, и победата е неминовна, затоа што успехот е на вистински пат.

Големата сила на САД за кратко време ја зазема областа Багдат на 9 април, а инвазијата на Ирак конечно заврши на 30 април, Ирак после постконфликтниот процес да се создаде држава – беше во тешка ситуација, знаеме дека падот на Садан Хусан најтешкиот дел се заврши од кои се плашеја Американците е завршена, соочена од големите предизвици администрацијата на САД односно Буш, гледаше

секогаш надвор од рамките на коалиците на мултинационалните сили, администрацијата на САД-побарува вклучување во обиколка на области за да доведат поголем мир и безбедност. Силното противење на некои сојузници кои се предводени од Франција и Германија во однос на трупите во Ирак, мислеа дека улогата на НАТО ќе биде сериозно ограничена. Па така на 21 мај 2003 година, Советот на НАТО се огласи за барање на Полска да им обезбеди логистичка поддршка за девизијата предводена од неа.

Учеството на НАТО во изградба на повоениот успех се случува на самитот на нато кој се одржа во Истанбул 9 28-29 јуни 2004), иницијатори на поканата беа Американците т.с САД за да се вклучат проактивно против Ирак, ставот на САД на состанокот наидува на доста несогласувања кај одредени сојузници кои се спротиставија на војниците во Ирак, но потоа во средината на 2004 година се постигна компромис НАТО да земе поактивно учество за да се помогне Ирак во стабилизација.

Како одговор на привремената влада во Ирак, претседателo на владите и земјите учеснички на самитот на НАТО се договорија владата на Ирак, да даде соодветна помош на Ирак. Целата програма која вклучува обука на безбедноста на силите на Ирак, сите потребни елементи со опрема како што се комплет војничка опрема, опременост на персонал за секакви услови, некои сојузници кои беа против (Франција, Грција, Германанија, Белгија и Луксембург) не се против оваа одлука која се донесе, но кажаа дека нема да испраќат офицери во Багдат.

Активностите започнаа во 2005 година но не беа јасни до кога ќе траат, во овие земји и под сите околности, земјите на НАТО ќе се залагат да ги засилат своите активности за мисијата ISAF во Авганистан.

Владата во Шпанија како нова избрана предводена од соцојалнистите, пред да ги добиеше изборите одлучи да ги повлече своите трупи од Ирак, тоа и го стори во 2004 година ги повлече свиоте трупи од ИРАК мисијата ISAF.Примерот на Шпанија го следеа и многу други сојузници, само што Шпанија мораше прва да го скрши ледот, па потоа Португалија и Холандија во 2006 година, Италија во 2007 година со Словачка и Литванија, ирачкото прашање не се реши кое беше голем проблем за Америка во тој временски период.

Поделбата на трансатланската одлука околу прашањето за Ирак беше од причините за отворен конфликт меѓу сојузните во времето на создавањето на НАТО.

Несогласувањето за Ирак и дипломатијата предизвика најсериозни трансатлантска криза, односите меѓу САД и некои Европски земји беа толку остри и затегнати што иднината на Алијансата беше доведена до прашање, Гордон и Шапиро наспротивните и структурните, но и доста културни разлики, дојде го предизвици на големата разлика меѓу Европејците и Американците во Ирак.

Доминацијата на Европската Унија со Француско-Германската потреба ја покажа моќта со оспорување на хегемонијата на американската „ хипермоќ-САД имаше голем тогашен противник како што е Франција, советот на безбеднсот со ветото во 2003 година во врска со револуцијата со која се одобруваше, употреба на сила за да се отрани режимот на Садам Хусеин-го симболизираше дистанцирањето на Америка со Стара Европа. Буш со силната реторика одразуваше вредности и одредени преспективи кои се непознати за новообединетата Европа. Ирачката војна со застојот во советот за безбедност дополнително ѓи оттуѓи Германија и Франција од американските политичари, дури и во јавноста и во земјите членки на НАТО кои го прифаќаат американското лидерство за да се отрани режимското делување на Садан Хусеин. Секоја од овие земји тргнува од потрагата, Германија е немачен актер на светската сцена во потрога за својот интетитет по двете светски војни во кои претрпеле територијална поделба за време на Студената војна, Франција била по потрага по меѓународното признание и се обидува да ја замени изгубената територија. Додека Русија дава надеж само како да ја уништи големата супер сила и да врати дел својата супер моќ и престиж, Франција, Русија и Германија пишува и познатион Дејвид Калео каде што наведува формирањето на ова трио, да се спротистави на САД е единствено решение. Интересот на Германија за приближување кон Русија лежи во економски заеднички причини, Франција како земја што заснова на подобрување на своите позиции во меѓународните односи преку одредено партнерство со Русите.

Факторот за раздор меѓу европските земји со огромно влијание врз трансатланските односи, се наметна германско-француско лидерство со Унијата преку декларација на Ширак и Шредер. И нонстоп притисокот од јавното мислење да застанат на страна на политичарите на САД која е најголема светска велесила која не се наметнува, во минатото немаше никакви последици а во иднината можеа да очекуват заштита од евентуална хегемонија од Франција, Германија или Русија. Членките на Европската

Унија предводени од Британија да градат сопствена безбедносна политика и партнерства со САД наместо преку Брисел. Независните коалиции надвор од рамките на Алијансата, сметаат дека целата криза е во независноста иако преседанот бил во Авганистан, Ирак како земја е првиот чекор да постави владеење.

Дистанцијата на Германија и Франција и за водење на антивоена кампања е навредлива политика на Стејт департментот, кога се подготвуаат војните во Ирак. Неколку допишаните изјави укажуват на фактот дека САД јасно укажува секогаш што е можно поскоро и решително да одговори на барањето на воена моќ заедно со сите сили учесници, одговорите на САД ќе дојдат како договор на ад-хок билатерална активност со други земји или некои без мандат што сакат да се приклучат со согласнот на ОН, НАТО или други меѓународни тела.

Ставот на Кембел и пристапот на САД иако се уште не беше добро дефениран, на Вашингтон му овозможи да надмине некои типични проблеми кои се дел од некои мултилатералните воени сојузи и да се навикнат на нивната коалиција за временски период и дефенирање на некои услови, од кои некои членови треба да ги извршуваат задачите кои ќе и бидат зададени.

Пристапот предизвикува ризици и потешкотии, САД како моќна држава успева да го собере режимот на Садан сепак пак бараат помош од НАТО за да се спроведе мир.

Аналитичарите овој потек на САД го гледаат како одлична цел да ги намалат финансиските загуби, додека одредени луѓе го толкуваат како чекор за легализација на целата акција која се спроведувала тој период во САД. Дел од сојузниците придонесуваат за спроведување на актуелни задачи кои всушност не можат да ги заменат сојузнците на долг временски период. Секој од сојузите си има свои карактеристики и инструменти, дел од овие групи им овозможуват да се справат од агресија и закани на некоја територија и нудат одредени можности да ги остваруват сите фундаментални интереси.

Сојузниците и коалициите можат од секој агол и аспект да се надополнуват едни спрема други при што самите коалиици функционират повеќе како еднократни договори и секогаш конкретни прашања.

Сите разлики кои се јавија и се соочуваат сојнизите во трансатланската алијанса е присутна во Ирак и се обидуваше да ја развие ирачката армија, НАТО сакаше да формира воен сојуз и употреба на офицери. Администрацијата Буш и официјалните

претставници ја поддржуваат мисијата на НАТО со кое Алијансата може да се трансформира и да се охрабри, за да се вклучи во меѓународното ниво и меѓународните однсоси, одредени сојузници на НАТО кои одбиваат да испратат инструктори во Ирак, сепак ќе понудат доста логистика како и финансиски средстава и обуки надвор од границата на Ирак-гледање на целата ситуација НАТО ќе остане во основа вклучен фактор во Ирак, пред да се реши недостатокот на поддршка од главните пријатели на ОН и сите други меѓународни заедници во општеството.

4.7 Мисиите на НАТО во Либија

Режимот на Гатафи во февруари 2011 година ги таргерираше цевилите, НАТО со обилниот ангажман ги повика ОН во една и единствена меѓународна заедница за да го заштити либискиот народ од била каква провокација.

Па затоа во март 2011 година коалицијата со сите сојузници и дел од партнерствата на НАТО почнаа да спроведуват ембарго за оружје, зона на забранети летови, да се штитат цивилите и цивиолното население од напад или закана од падот на Либија во рамките на големата операција –НАТО ја презеде контролата врз сите операции кои се случуваат во Либан, па во 1970 и 1973 револуцијата на самитот т.с советот на безбедност на обидинетите нации на 31 март 2011 година беше донесено, операцијата е единствен заштитник која имаше замисла за заштита на три елементи:

* Ембарго за оружје;

* Летовите во зона за забрана и акции за заштита на цивилите од напад или закана од друг напад;

*Набљудување на боиштето на терен и да се земат сите потребни дејствија до дека се забележат некои недостатоци;

Се преговараше се договараше и оваа мисија конечно заврши на 31 октомври 2011 година во 23:59 часот по локално време на Либан, Унивизиран заштитник-операцијата е донесена според Поглавјето седум од Повелбата на ОН.

Во годините 1970, 1973 и 2009 револуциите во советот на безбеднста се однесуваат на мисијата на НАТО кои се вклучени дванаесет држави (Канада, Бугарија,Белгија,Франција,Грција,Италија,Шпанија,Холандија,Романија,Турција, Обединето Кралство и Соединетите држави), поморски средства за да се спроведе

ембаргото кои се поддржани од поморски патролни контроли. Целокупниот капацитет ги вклучува во мисијата сите бродови за снабдување, фрегати, подморници, јуришни бродови –носачи на авион т.с доковите на платформата за следење на самиот врв на НАТО му беа доделени 21 поморски средства за поддршка на целокупната операција. Септември 2011 година десет држави ќе обезбедат дванаесет поморски средства за ембаргото. Сите бродови кои требало да транзитираат и поморски средства низ дистанцијата како што било наведено во пораката на навигацијата, требало првин да го известат НАТО за нивниот товар и целата количина што се превезува. Сите информации обезбедени од транзитните бродови, вклучително преку системот за секаква индификација на бродовите (обезбедувањето на основни информации за брзината , позицијата и курсот на дестинацијата), како и сите средства за разузнавање.
НАТО цело време ја следеше активноста на бродовите на регионот што се одвојува легимитивен комерцијален. Во него спаѓаат хуманитарен и приватен сообраќај од сите сомнителни пловни објекти и кои се во постојана проверка.

Сета организација е толку добра средена и контролирана, што немало шанси да дојде до некој недостаток –самите бродови на НАТО со стручно обучени луѓе треба постојано да ги пресретнуват, а доколку некои немаат легитимација бродовите на НАТО се овластени да ги пресретнат.

